**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 21.05.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2203/1 | | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk).

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот постапил по Решението за преземање мерка - јавна опомена, донесено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино беше извршен на 27.2.2026 година и со него беше констатирано дека овој издавач на медиум не ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која е должен во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот да обезбеди објавување на следните податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум и име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - јавна опомена бр. 03-105 од 28.4.2026 година, по извршен редовен административен надзор на Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-777/1 од 27.2.2026 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со овој надзор е констатирано дека Друштвото за маркетинг, трговија и услуги во медиумите и информирањето НИСТОРИ ДООЕЛ с.Стримница-Желино, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Нистори“ (www.nistori.mk), постапи по решението за преземање мерка и ја исполни во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.